РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 08-2571/17
23-05-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Бр. 1002-622/2
23.05 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

Овој Договор е склучен помеѓу:

**Договорен орган:** **Јавно претпријатие за државни патишта,** со седиште на адреса: Даме Груев 14, 1000 Скопје, застапувано од Директорот Ejup Rustemi, (во понатамошниот текст „Договорен орган“) од една страна и

**Економски оператор:** **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје,** со седиште на Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје, застапувано од Генералниот директор Влатко Иванов, (во понатамошниот текст „Носител на набавка") од друга страна

Договорниот орган е согласен, Економскиот оператор да ги изврши Услугите на:

**Докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

со оглед дека ја има прифатено Понудата од Економскиот оператор за извршување на тие Услуги.

**Овој Договор** го потврдува следното:

1. Во овој Договор, зборовите и изразите ќе го имаат истото значење кое што им е соодветно дадено во Договорната документација.
2. Временски период кој го опфаќа овој Договор е **9 (девет)** месеци вклучувајќи и можни скратувања или продолжувања, согласно Посебните и Општите услови на Договорот.
3. Вкупната договорна цена изнесува: 2.460.000,00 денари без ДДВ, со која се опфатени целокупните услуги.

   Вредноста на ДДВ изнесува: 442.800,00 денари.

   **Вкупната договорна цена изнесува: 2.902.800,00 денари со вклучен ДДВ, со која се опфатени целокупните услуги.**
4. Сите детали за извршување на Услугите се пропишани во Договорната документација, која е прилог на овој Договор,

5. Ќе се смета дека следните документи се составен дел на Договорната документација:

(а) Овој Договор,

(б) Писмо за прифаќање;

(ц) Понудата,

(д) Посебни услови на Договорот,

(е) Општи услови на Договорот,

(ф) Проектна Програма,

(г) други документи и прилози.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА** |
| **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА** | **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД** |
| **Скопје** | **Скопје** |
| **Директор** | **Генерален директор** |
| **Ejup Rustemi** | **Влатко Иванов** |

Изработил:
Марјан Витанов
Контролирале:
м-р Жаклина С. Богдановска
Ангелина С. Тодоровска
Игор Митренцев
Согласни:
Татјана Миновска
Arsim Qoku
Одобрил:
Оливера Стефановска

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 08-2571/18
23-05-2023
Скопје/Shkup________________година/viti

**До**
**Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје,**
**Ул. Дрезденска бр.52,**
**1000 Скопје**

**ПИСМО ЗА ПРИФАЌАЊЕ**

**Со ова Ве известуваме дека Вашата Понуда пратена по електронски пат преку ЕСЈН на 25.04.2023 година за:**

**докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**
е прифатена од наша страна.

Со ова, од Вас се бара следното:
(а) да доставите Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во износ од 15% од вкупната цена на Договорот со вклучено ДДВ од 18 %, во рок од 7 дена од приемот на Писмото за прифаќање.
(б) да го потпишете Договорот и да го вратите во рок од 7 дена, согласно Тендерската документација.
(в) да започнете со извршување на наведениот Договор во согласност со Договорната Документација.

ПРИЛОГ: - Договор во 6 (шест) примероци;
- Образец на Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот;

Директор
Ejup Rustemi

Изработил:
Марјан Витанов
Контролирале:
м-р Жаклина С. Богдановска
Ангелина С. Тодоровска
Игор Митренцев
Согласен:
Arsim Qoku
Одобрил:
Оливера Стефановска

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

**Прилог – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **04776/2023**, објавен од страна на Јавното Претпријатие за државни патишта на ЕСЈН, за доделување на договор за јавна набавка на:

**Докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце, поврзување со локален пат до с. Блаце**

со спроведување на отворена постапка интерен број кај договорниот орган бр. 10/2023 со објавување на оглас преку Електронскиот систем за јавни набавки и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Ар. Бр. 1001-622/1**
**Дата. 24.04.2023**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје**
I.2. Контакт информации
- Адреса: **Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје**
- Телефон: **02/3091-994**
- Факс: **02/3066-828**
- Е-пошта: **priprema@gim.mk**
- Лице за контакт: Катерина Герасовска

I.3. Одговорно лице: Влатко Иванов, генерален директор
I.4. Даночен број: **4030975274722**
I.5. Матичен број: **4067533**
I.6. Жиро сметка: **380176956108188**
депонент на **ProCredit Bank** банка.

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

**Докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце, поврзување со локален пат до с. Блаце**

**Дел III – Финансиска понуда**

**III.1.** Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:
2.460.000,00 *[со бројки]*
( два милиони четиристотини и шеесет илјади *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 442.800,00 денари

**Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со ДДВ, изнесува**:
2.902.800,00 *[со бројки]*
( два милиони деветстотини и две илјади и осумстотини ) *[со букви]* денари

**III.2.** Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

**III.3.** Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот модел – договор.

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2023.04.24 14:44:50 +02'00'

Овластено лице / Одговорно лице

______________________________

Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

## ЗДРУЖУВАЊЕТО ЗА ЗАЕДНИЧКО НАСТАПУВАЊЕ (ЈОИНТ ВЕНТУРЕ)

| Називи на сите фирми-членови во здружувањето(ЈВ) | МАТИЧЕН БРОЈ | ДАНОЧЕН БРОЈ |
|---|---|---|
| 1.Водечка фирма – Носител | | |
| 2. Фирма – член | | |
| 3. Фирма – член<br>........................................ | | |

САМОСТОЕН ПОНУДУВАЧ - БЕЗ ЧЛЕНОВИ ВО ГРУПА

Vlatko Ivanov Digitally signed by Vlatko Ivanov Date: 2023.04.24 10:17:58 +02'00'

**Напомена: Сите членови на групата треба да бидат регистрирани на ЕСЈН и со точни податоци да биде пополнет образецот за здружувањето за заедничко настапување.**

**Прилог – ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ**

| Реден број | Назив на Подизведувач | Одговорно лице на подизведувачот и контакт податоци | Опис на делот од договорот кој се дава на подизведувачот | % од вкупната вредност на понудата | Вредност на делот од договорот кој се дава на подизведувачот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |

Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје нема да користи подизведувачи за **Докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од Автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

Одговорно/Овластено лице

Vlatko Ivanov Digitally signed by Vlatko Ivanov Date: 2023.04.24 10:18:25 +02'00'

(потпис) *

**НАПОМЕНА:**

**Овој Прилог на ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ се пополнува во случај доколку понудувачот има намера да ангажира подизведувач.**

**Овој образец се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.**

**ПОНУДУВАЧОТ ДОКОЛКУ ИМА НАМЕРА ДА АНГАЖИРА ПОДИЗВЕДУВАЧ ОСВЕН ШТО ТРЕБА ДА ЈА ПОПОЛНИ ОВАА ЛИСТА НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ, ПОТРЕБНО Е ДА ДОСТАВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ПОТТОЧКА 1.8.2 ОД ОВАА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА.**

# ИЗЈАВА ЗА ОДГОВОРНОСТ ЗА ГРЕШКИ И НЕДОСТАТОЦИ

Јас, Влатко Иванов (име и презиме), во својство на одговорно лице на **Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје** (назив на субјектот), со ЕМБС **4067533** и ЕДБ **4030975274722** под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека **проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце** која ја изготвивме и предадовме на договорниот орган Јавно претпријатие за државни патишта, по отворена постапката за јавна набавка и по оглас бр. 04776/2023 во целост е изготвена согласно важечките законски и подзаконски прописи во РСМ во моментот на изготвување, Договорот бр. _______ од _________ год., Проектната Програма бр. 09-2412/4 од 14.03.2023 год., правилата на струката и добрата деловна пракса (добрите деловни обичаи).

Исто така, изјавувам дека **Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје** (назив на субјектот) и јас како одговорно лице целосно ја превземаме одговорноста за сите грешки и недостатоци во проектната документација направени во текот на проектирањето, како и дека ќе ја надоместиме материјалната штета која ќе настане во текот на градежните работи врз основа на истите тие грешки и недостатоци, за период од десет години од предавањето и приемот на проектот, согласно член 663 од Законот за облигационите односи (Службен весник на РМ бр. 18/2001, 78/2001, 4/2002, 59/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013)

Место и датум

Скопје,24.04.2023

Одговорно

Vlatko Ivanov Digitally signed by Vlatko Ivanov Date: 2023.04.24 12:01:00 +02'00'

______________________

(потпис)

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДУВАЧОТ

Од сите самостојни Понудувачи и сите партнери во здружувањето за заедничко настапување *(JB)* се бара да ги пополнат информациите во овој образец. Треба да бидат обезбедени информации за сите сопственици или подносители кои се партнерски фирми или фирми во индивидуална сопственост.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Назив на компанијата | Градежен Институт Македонија А.Д. Скопје |
| 2 | Адреса на дирекцијата | Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје |
| 3 | Телефон | 02/3091-994 |
| 4 | Телефакс | 02/3066-828 |
| 5 | е-маил | priprema@gim.mk |
| 6 | Лице за контакт | Катерина Герасовска, Ана Дацева |
| 7 | Место на основање | Скопје |
| 8 | Година на основање | 1975 |
| 9 | Основна (базична) активност | 71.12. Инженерство и со него поврзано техничко советување |
| 10 | Број на перманетно вработени | 311 |
| 11 | Број на перманентно вработени експерти од разни профили со факултетско образование | 150 |
| 12 | Сопственички статус[1] на компанијата | Вид на сопственост: Приватна<br><br>Организационен облик: 05.5 - Акционерско друштво |

Vlatko Ivanov Digitally signed by Vlatko Ivanov Date: 2023.04.24 10:19:16 +02'00'

[1] *Наведете ја детално сопственичката структура на компанијата*

Vlatko Ivanov Digitally signed by Vlatko Ivanov Date: 2023.04.24 10:20:08 +02'00'



**докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ (ПУД)

Посебните услови (ПУД) на Договорот претставуваат дополнување и комплетирање на Општите услови (ОУД) на Договорот. Со нив се додаваат потребните информации и се менуваат или дополнуваат одредбите на ОУД. Во Договорната документација, одредбите на ПУД - Посебни услови на Договорот **имаат приоритет** пред одредбите на ОУД - Општи Услови на Договорот.

## *Општи одредби*

**Дефиниции** **1.** (a) **"Договорен орган"** е:

**Јавно Претпријатие за државни патишта**

адреса: ул. Даме Груев бр.14,
1000 Скопје

(b) **"Понудувач" е:**

**Градежен Институт Македонија**

Адреса:

Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје

(c) **"Клучен персонал"**

**" Главен Проектант"**
е: **Дејан Метикош**

**"Проектант планер"**

**е: Анче Димитриевска Толевска**

**"Проектант за геотехника"**

**е: Ацо Велевски**

**"Геодетски инженер"**
**е: М-р Марија Станишоска Архондиева**

**"Експерт за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС)"**
**е: Елена Николовска**

(d) Освен Клучниот персонал, Понудувачот ќе одреди и потребен број на дополнителен стручен и останат персонал за да ги изврши Услугите во договорниот рок.

## *Договор, Договорни услови, важност*

**Услови за ефективност**

**3.** Основен услов за ефективност е доставена прифатлива Гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот и потпишан договор.

**Истекување на Договорот**

**4.** Временскиот период за извршување на целокупните услуги изнесува:

3 (три) месеци од склучување на Договорот.

**Во временскиот период предвиден за извршување на услугите Носителот на набавката потребно е да ја достави целокупната документација ревидирана и одобрена, комплет со сите фази и елаборати согласно ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА и ИЗЈАВАТА ЗА ОДГОВОРНОСТ ЗА ГРЕШКИ И НЕДОСТАТОЦИ.**

Времетраењето на договорот изнесува 9 (девет) месеци.

Договорните страни се сложни Договорот да биде прекинат и пред истекот на договорниот период доколку Договорниот орган процени дека реалните околности, сознанија, препораки и заклучоци би ја направиле беспредметна понатамошната реализацијата на овој Договор. Соодветно, услугите кои не се реализирани нема да бидат предмет на финансиска обврска на Договорниот орган, вклучувајки и било какви компензации за намалување на договорниот период, или намалувањето на обемот на услугите.

**Продолжување на Договорот**

**6.** Овој Договор, може да биде продолжен, на предлог на било која договорна страна, ако:

- се појавиле значителни измени или отстапувања од планот за извршување на договорените услуги,
- се појавиле објективни влијанија и услови кои не биле познати во периодот на Тендерирање и доделување на Договорот,
- Виша сила,
- други непредвидени околности,

На барање на Договорниот орган, Понудувачот ќе прифати продолжување на Договорот, вклучувајки продолжување на времетраењето на ангажирање на целиот тим, дел од тимот или поедини експерти, во зависнот од потребите на

Проектот.

Ваквото продолжување ќе биде регулирано со Измена на Основниот Договор, при што Понудувачот нема да бара измена на останатите договорни услови.

| | | |
|---|---|---|
| **Јазик на Договорот и коресподенција** | **8.** | Овој договор е изготвен на Македонски јазик.<br>Целокупната коресподенција меѓу Договорниот орган и Понудувачот ќе се води на Македонски јазик. |
| **Здружување за заеднички настап и овластување** | **9.1** | Овластен Партнер (Водечки Партнер) е:<br>________________________________<br>Адреса: ____________________________ |
| **Подизведувач/и** | **9.2** | Подизведувач/и:<br>________________________________<br>Адреса: ____________________________ |

## *Обем на Услугите, Локација, Закон*

**Обем и вид на Услугите** **11.** Во рамките на Договорот, како дел од услугите, во рамките на договорената цена се и:

- сите активности вклучувајќи и корекции по доставени рецензии и ревизии од институција или друго правно или физичко лице кое е ангажирано од Договорниот орган за таа цел,
- сите усогласувања, корекции и барања кои ќе произлезат од надлежни државни институции во период од 5 години од датумот на потпишување на договорот, а кои не се должат на измена на законска регулатива,
- примопредавање на трасата на избраниот изведувач на работите, доколку работите бидат отпочнати во период од 5 години од датумот на потпишување на договорот.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE 1 Скопје - Shkup

## *Виша сила*

**Виша сила** **15.d.** Максимално продолжување на Договорниот период поради Виша сила е 6 месеци.

Граѓежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## *Гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот*

**Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот**

**16.** Вредноста на Банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот е на вредност еднаква на **15%** од Вкупната вредност на овој Договор со ДДВ.

Оваа Гаранција останува валидана **28 дена** по истекот на договорниот период од **9 месеци**.

Банката која ја издала гаранцијата не може да биде Понудувач, партнер во здружување за заеднички настап, или подизведувач кој е ангажиран согласно овој Договор.

Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот ќе биде делумно или целосно наплатена:

- Ако Понудувачот или неговиот персонал е учесник во Забранети Активности или други незаконски дејствија поврзани со овој Договор,
- за надокнада на материјална штета, која ја претрпел Договорниот орган, предизвикана од дејствија и активности на Понудувачот или неговиот персонал.
- за други материјални побарувања на Договорниот орган,
- ако Понудувачот ги извршува своите обврски несовесно, немарно, нестручно, ненавремено и др.
- ако Понудувачот, без прифатливо образложение, престане да ги извршува делумно или целосно своите обврски по овој Договор.
- ако го раскине Договорот од причини кои не се наведени во овој Договор и кои се неприфатливи за **Договорниот орган**,

Ако вредноста на Договорот се зголеми, Понудувачот соодветно ќе ја зголеми и вредноста на Гаранцијата.

## *Судир на интереси*

**Судир на интереси**

**17.** Ќе се смета дека кај Понудувачот постои судир на интереси, но тоа не е ограничено само на следните случаи:

i) Ако Понудувачот стане составен дел на друга фирма или е делумно или целосно зависен од таа фирма, ако фирмата од која е зависен, или е нејзин дел, конкурира, извршува или е ангажирана од Договорниот орган за други работи и услуги кои се неспоиви со услугите кои се предмет на овој Договор.

ii) Ако Понудувачот, или негови експерти, без претходна согласност на Договорниот орган извршуваат други работи или услуги кои се во судир со примарната задача на овој Договор,

ii) Ако Понудувачот прекине да работи исклучиво по комерцијални и пазарни закони и услови,

iii) Ако постои било каква зависност, влијание или контрола од било каков домашен или странски државен орган, институција или агенција,

iv) Ако постои било каков судир на овој Договор со

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
1
Скопје - Shkup

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Скопје

нивните претходни или тековни обврски кон други Договорни органи, Партнери или други обврски кои би можеле да ги доведат нив во позиција да не бидат во можност да ја извршат задачата во најдобар интерес за Договорниот орган,

v) Ако Понудувачот ангажира лица кои се вработени кај Договорниот орган, или во други државни органи, институции и агенции.

vi) Ако Понудувачот во последните 5 години бил прогласен, односно осуден за подмитување, измами или други противзаконски дела, или е на "црна листа" на било која Меѓународна Финансиска Институција.

vii) Ако постои било каков судир на интереси на овој Договор со било какви други интереси на Понудувачот.

## *Прекин на Договорот*

**Неподобност за идни Договори**

**27.** Договорниот орган, ќе го прогласи Понудувачот неподобен за Понудување и доделување на Договори кој ги финансира Договорниот орган а било кој експерт од тимот трајно неподобен доколку Понудувачот или негови експерти:

(a) ако во било кое време на договорните обврски бил инволвиран во Недозволени Активности,

(b) ако е инволвиран во други противзаконски активности за услугите од овој Договор,

(c) ако Договорниот орган претрпел значителни материјални штети од разни причини за кои е одговорен Понудувачот или неговите експерти,

(d) ако го злоупотребил, на било кој начин, овој Договор за стекнување на противправна материјална корист или други бенефиции, во своја или во корист на други правни или физички лица,

(e) ако направил намерни грешки, согласно Одредбата **22**,

(f) ако ја користел или злоупотребил, било кога, неовластено документацијата која е сопственост на Договорниот орган без негово претходно одобрение, за свои потреби или потреби на трети лица,

(g) други посериозни отстапувања,

## *Понудувач*

**Бонуси и пенали за тимот на Понудувачот**

**36.** Бонуси не се предвидени со овој договор.

За неизвршувањето на обврските по договорот и доцнење на проектот, Договорниот орган ќе пресметува казнени

пенали во износ од **4‰** (четири промили) за секој ден на задоцнување, кое вкупно не може да изнесува повеќе од **20%** (дваесет проценти) од договорената вредност.

Документите изработени од страна на Понудувачот се сопственост на Договорниот орган

**38.** Договорниот орган е сопственик и ги има сите авторски права на целокупната документација и софтвер кои ќе произлезат од реализацијата на овој Договор. Понудувачот нема право да ја користи во профитни цели, или да ја отстапува на трети лица, документацијата, софтверот и авторските права, без претходно писмено овластување од Договорниот орган.

Понудувачот нема право да задржи оригинали од документите, кои се сопственост на Договорниот орган.

## *Согласности, известувања, налози, контрола др.*

Известувања, барања, согласности, одобрувања, одлуки

39. Адреса на Договорниот орган е:

**Јавно Претпријатие за државни патишта**, адреса: ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
тел. +389 2 3118 - 044, факс. +389 2 3220-535

Адреса на Носителот на набавката е:

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД-Скопје, **со седиште на Ул. Дрезденска бр.52, 1000 Скопје**
Телефон: 02/3091-994, Факс: 02/3066-828

Во случај ако некоја Договорна страна ја измени својата адреса, таа е должна во рок од 7 дена за тоа да ја извести другата Договорна страна.

Техничка контрола

44. Договорниот орган по склучување на договорот дополнително ќе назначи Ревидент.

## *Плаќање*

Валута за плаќање, ограничувања и курсна листа

**50.** Единствена валута за плаќање по овој договор е Македонски Денар (мкд)

Странска валута:

Со овој договор не е предвидено плаќање во странска валута. Евентуалната потреба за обезбедување на странска валута за потребите на овој проект е целосна обврска на Понудувачот.

Начин на фактурирање и плаќање

51.а **Плаќањата ќе се вршат како што е наведено во ОУД.** Договорниот орган, доколку оцени дека услугите не ја пратат реалната динамика може да го намали овој износ или целосно да ја врати времената ситуација неисплатена.

Времените ситуации треба да ја имаат следната документација во прилог:

- краток извештај за побитните активности во изминатиот период со укажување за настанати проблеми, отстапување од договорени динамики, превземени мерки, проценет на

извршување и сл.

**51.f** (i) Услови за плаќање по овој Договор:

Плаќањето на Услугите по овој Договор ќе се врши исклучиво преку банкарска сметка на Понудувачот, регистрирана во Република Северна Македонија.

**51.f** (ii) Сметка за плаќање на Услугите по овој Договор:

Плаќањето на Услугите по овој Договор ќе се врши на следната сметка на Понудувачот:

________________________________________

**Авансно плаќање** **52.1** **Не е дозволено авансно плаќање.**

**Корекција на цени** **53.** Цените со овој договор се **фиксни** и не подлежат на корекција за целиот договорен период, вклучувајќи ги и максималните можни продолжувања на договорот согласно договорните услови.

**Гаранции и прифатлива Банка** **54.** Сите банкарски гаранции кои се бараат со оваа Договорна документација треба да бидат издадени на име на Договорниот орган:

**Јавно Претпријатие за државни патишта**,
адреса: ул. Даме Груев бр.14,
1000 Скопје

## *Решавање на спорови*

**Спогодбено решавање** **58.** Комисија за спогодбено разрешување на настанатите спорови:

Договорниот орган ги назначува:

______________________________________ и

______________________________________

Понудувачот ги назначува:

______________________________________, и

______________________________________

**Решавање на спорови по судски пат** **59.** Ако Договорните страни не може спогодбено да го решат спорот, истиот ќе се решава по судски пат, кај надлежниот суд во Република Северна Македонија, согласно македонското законодавство, на македонски јазик.

Одредбата 59 е последна во овие Посебни Услови на Договорот.

**докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

# ОПШТИ УСЛОВИ НА ДОГОВОРОТ (ОУД)

## *Општи одредби*

**Дефиниции**

**1.** Освен во случај кога контекстот не бара поинаку, следните термини, каде и да се употребени во овој Договор, ги имаат следните значења:

(a) "**Договорен орган**" е институцијата именувана како таква во **ПУД** (посебни услови на договорот),

"**Сопственик на Проектот**" е Договорниот орган.

(b) "**Проектант (Извршител односно Носител на набавка)**" е стручна фирма, наведена во **ПУД** (или повеќе стручни фирми здружени за заеднички настап) прифатена од Договорниот орган да ги изврши услугите согласно оваа Договорна документација.

(c) "**Клучен персонал**" се стручните лица наведени во **ПУД**, кои согласно Проектната Програма се назначени за извршување на поедини видови услуги,

(d) "**Проектантски тим**" се однесува на сите членови и експерти кои непосредно го извршуваат Договорот, вклучувајќи го Клучниот персонал и останатиот персонал,

(e) "**Услуги**" се однесуваат на сите услуги дефинирани со Договорната документација.

(f) "**Применлив Закон**" ги подразбира законите и сите други инструменти кои имаат сила на закон во Република Северна Македонија, и кои може да бидат донесени и се на сила од време на време,

(g) "**Датум на ефективност**" го подразбира датумот кога овој Договор стапува на сила и е ефективен,

(h) "**Локална валута**" подразбира македонски денар (мкд),

(i) "**Странска валута**" подразбира било која друга валута освен македонски денар (мкд),

(j) "**ОУД**" ги подразбира овие Општи Услови на Договорот,

(k) "**ПУД**" ги подразбира Посебните Услови на Договорот со кои ОУД може да бидат изменети или дополнети, и имаат предност пред ОУД.

(l) "**Партнер**" или "**Член**" во случај на Понудувач кој претставува здружение за заедничко настапување на повеќе од еден ентитет, го подразбира било кој од овие ентитети; а "Партнери" или "Членови" ги

подразбира сите овие ентитети,

(m) "**Договорна страна**" се однесува на Договорниот орган или на Понудувачот во зависност од случајот, а "Договорни страни" ги подразбира и двете страни,

(n) "**Договор**" се однесува на целокупната Договорна документација, која опфаќа Општи и Посебни Услови на Договорот, Техничката и Финансиската Понуда, Писмото за Прифаќање, Проектна Програма, Гаранции, Изјави и др.

(o) "**Проектна Програма**" претставува детален опис за извршување на Понудувачките услуги.

(p) "**Предмер со Пресметка**" значи предмер на количините со дадени цени, вклучувајќи ги и калкулациите.

(q) "**Понуда**" значи целокупната документација изработена од Понудувачот согласно Тендерската документација.

(r) "**Писмо за Прифаќање**" значи формално прифаќање на Понудата од страна на Договорниот орган.

(s) "**Дата на започнување**" означува дата кога овој Договор станал ефективен ("Датум на Ефективност").

(t) "**Рок за извршување**" го означува временскиот период за кој Понудувачот е ангажиран да ги извршува услугите.

(u) "**Времена ситуација**" значи било која ситуација за исплата на извршените услуги, освен Конечната ситуација.

(v) "**Конечна ситуација**" претставува конечен документ за исплата.

(w) "**Ден**" значи календарски ден.

(x) "**Писмено**" значи секое рачно напишано, отчукано или печатено комуницирање, вклучувајќи телефакс и телеграма (со исклучок на e-mail).

**Даноци и давачки** — **2.** Освен ако не е поинаку утврдено во ***ПУД***, Понудувачот, ќе плаќа такви даноци, давачки и други такси кои може да им бидат наметнати согласно Применливиот закон.

## *Договор, Договорни услови, важност*

**Ефективност на Договорот и почеток на Услугите** — **3.** Овој Договор ќе стапи на сила и ќе биде ефективен од датумот на негово потпишување освен ако поинаку не е утврдено во ***ПУД***.

**Истекување на Договорот** — **4.** До колку не е прекинат порано, согласно одредбите од **ОУД** или **ПУД**, овој Договор ќе заврши на крајот на таквиот временски период после Датумот на ефективност, како што е утврдено во ***ПУД***.

**Измени** — **5.** Измена на термините и условите на овој Договор, вклучу-

вајќи ја секоја измена на обемот на Услугите, може единствено да биде извршена преку писмена согласност помеѓу Договорните страни и други услови ако се наведени во ***ПУД***.

**Продолжување на Договорот**

**6.** Овој Договор може да биде продолжен под услови наведени во ***ПУД***.

**Измена на Договорот**

**7.** За сите оправдани Услуги кои ќе претрпат измени во однос на Основниот Договор ќе биде изготвена и потпишана Измена на Договорот во кој детално ќе бидат дефинирани сите измени.

**Јазик на Договорот и коресподенцијата**

**8.** Овој Договор е изработен на јазик утврден во ***ПУД***, кој што ќе биде обврзувачки за сите прашања кои се однесуваат на значењето, толкувањето и извршувањето на овој Договор, како и целокупната коресподенција и други документи во договорниот период.

**Здружување за зеднички настап и овластување**

**9.1** Во случај кога Понудувачот претставува здружување за заедничко настапување од повеќе од еден ентитет, членовите овластуваат еден член (Носител на набавката) кој ќе делува во нивно име во спроведувањето на сите права и обврски на Понудувачот спрема Договорниот орган во рамките на Договорот, вклучувајќи го без ограничувања, и приемот на инструкции и плаќања од страна на Договорниот орган.

**Подизведување**

**9.2** i) Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

ii) Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

iii) Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување

способност на предложените подизведувачи и

- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

iv) Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за договорниот орган и за носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од важечкиот закон за јавни набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на носителот на набавката ќе ги покрие договорниот орган,

- носителот на набавката, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

v) Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

**Измена на Применливиот закон**

**10.** Доколку дојде до измена на применливите закони во Република Северна Македонија ќе се применуваат важечките закони.

## *Обем на Услугите, локација, Закон*

**Обем и вид на Услугите**

**11.** Обемот и видот на Услугите се детално дефинирани во ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА.

Во делокругот на Услугите, во рамките на овој Договор ќе се сметаат и услугите дефинирани во ***ПУД***.

**Непредвидени и дополнителни Услуги**

**12.** Ако итноста, неодложноста или условите налагаат вршење на Услуги надвор од обемот на Услугите утврден во Договорот и ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА, проценетите периоди и вредноста на ангажирање на Понудувачот, вклучувајќи и времено вклучување на дополнителни експерти, може да се зголемат со писмена согласност помеѓу Договорниот орган и Понудувачот.

**Закон кој ги регулира Услугите**

**13.** Договорот и целокупното работење Понудувачот ќе го извршува во согласност со важечките закони во Република Северна Македонија. **Доколку во текот на извршување на услугите кои се предмет на договорот дојде до измени на Законите и прописите, а кои се поврзани со предметниот Договор, понудувачот е должен при**

**извршување на услугите истите да ги применува од денот на влегување во сила на предметниот Закон односно Пропис.** Понудувачот ќе ги превземе сите практични чекори за да се осигура дека неговиот Понудувачки тим, персоналот и сите други инволвирани страни и субјекти во Услугите се придржуваат кон Применливиот закон.

## *Виша сила*

**Виша сила**

**14.** (a) За целите на овој Договор, под "Виша сила" се подразбира настан кој е надвор од разумна контрола на Договорната страна и кој го чини невозможно или толку непрактично извршувањето на обрските на Договорната страна, што се смета за невозможно под тие околности и вклучува, но не е ограничено на војна, побуни, граѓански нереди, земјотреси, пожари, експлозии, поплава или други екстремни временски непогоди, штрајкови, конфискација, реструктуирање или било кои други дејствија од страна на владините агенции.

(b) Виша сила не вклучува

(i) било кој настан кој е предизвикан од немарност или намерно дејство од Договорната страна или од страна на, застапниците или вработените на таквата Договорна страна, ниту

(ii) било кој настан кој искусна и способна Договорна страна би можела разумно да го очекува, за да:

- истиот го земе во предвид при склучување на овој Договор и
- да го избегне или совлада при извршување на своите обврски.

(c) Виша сила не вклучува недостаток на средства или неуспехот во вршењето на било каква исплата.

Неуспехот на Договорната страна да исполни било која од своите обврски во рамките на овој Договор нема да се смета за неисполнување или неизвршување, до колку таквата неспособност произлезе од настан предизвикан од Виша сила, под услов Договорната страна која е погодена од таквиот настан да ги има превземено сите разумни мерки на претпазливост, должна контрола и разумни алтернативни мерки, се со цел исполнување на термините и условите на овој Договор.

**Мерки во случај на Виша сила**

**15.** Мерки кои треба да се превземат во случај на Виша сила:

(a) Договорната страна која е погодена од настан предизвикан од Виша сила треба да ги превземе сите разумни мерки за да ја отстрани таквата неспособност на Договорната страна да ги исполни своите обврски, со минимално доцнење,

(b) Договорната страна која е погодена од настан предизвикан од Виша сила ќе ја извести другата Договорна страна за таквиот настан што е можно

побрзо, и во било кој случај не подоцна од четиринаесет (14) дена од појавата на таквиот настан, обезбедувајќи доказ за природата и причината за таквиот настан, и на сличен начин ќе даде известување за враќање во нормални услови што е можно побрзо,

(c) Договорните страни треба да ги превземат сите разумни мерки за минимизирање на последиците од било кој настан предизвикан од Виша сила.

(d) Договорот може да биде продолжен за период еднаков на периодот за кој таа Договорна страна била оневозможена да ги извршува своите обврски, како резултат на Виша сила, но не подолг од периодот наведен во ***ПУД***.

Не подоцна од триесет (30) дена откако било која Договорна страна, како резултат на настан предизвикан од Виша сила, станала неспособна за извршување на своите обврски, Договорните страни треба да се консултираат меѓусебно, во поглед на усогласување на соодветните мерки кои треба да бидат превземени во такви околности.

## *Гаранција за навремено и квалитетно извршување на Договорот*

**Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот**

**16.** Понудувачот на кого му е доделен Договорот ќе достави Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот на износ и временски период кој е наведен во ***ПУД***. Оваа гаранција треба дабиде издадена од Банка.

Условите на оваа Гаранција се наведени во ***ПУД***.

Формата и текстот на Банкарката гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот треба да бидат исти со приложениот образец. Секакви измени треба претходно да бидат прифатени од Договорниот орган.

## *Судир на интереси*

**Судир на интереси**

**17.** Определба на Договорниот орган е да бара Понудувачот да обезбеди професионално, објективно и непристрасно извршување на обврските и за целото време да ги спроведува интересите на Договорниот орган на највисоко ниво, строго да избегнуваат судири со други договори, задачи или нивните сопствени приватни или акционерски интереси.

Понудувачите имаат обврска да ја обелоденат секоја ситуација на актуелен или потенцијален судир кој влијае на нивната способност да ги извршуваат задачите во најдобар интерес за Договорниот орган, или кој може разумно да биде оценет дека ќе има таков ефект. Неуспевањето да се обелоденат споменатите ситуации може да доведе до раскинување на Договорот.

Договорот ќе биде раскинат доколку Договорниот орган утврди дека предметните Услуги се во судир со било какви други тековни или идни услуги и активности на Понудувачот кои би можеле да го доведат во позиција да не биде во можност да ја изврши задачата во најдобар интерес за Договорниот орган.

Без ограничување на концептот на ова правило, Договорниот орган ќе го раскине Договорот ако Понудувачот се најде во околностите наведени во ***ПУД***.

**Понудувачот и Понудувачкиот тим да немаат корист од провизии, попусти и сл.**

**18.** Договорната цена претставува единствен и исклучив надомест на Понудувачот и Понудувачкиот тим во врска со овој Договор. Понудувачот нема да прифати во своја сопствена корист никакви трговски провизии, попусти или слични плаќања во врска со активности, или во извршување на своите обврски согласно овој Договор, Понудувачот ќе вложи максимален напор да осигура дека неговиот тим и било кои други лица ангажирани од него не примат било каква дополнителна надокнада од таков тип.

**Понудувачот и неговите членови да не се ангажираат во извесни активности**

**19.** Понудувачот се согласува дека, за времетраењето на овој Договор, ќе биде дисквалификуван од обезбедувањето на стоки, работи или услуги, кои се во судир со Услугите, или се тесно поврзани со Услугите на овој Проект.

**Правила на набавки**

**20.** Ако Понудувачот, како дел од своите обврски, има задача да го советува Договорниот орган во набавките на стоки, работи или услуги, тој треба да се придржува кон Применливиот закон и упатствата за набавки и за цело време ќе превзема таква одговорност која е во најдобар интерес за Договорниот орган. Сите попусти, провизии и други бенефиции кои Понудувачот ќе ги добие во исполнувањето на таквата одговорност за набавките ќе бидат јавни, транспарентни и на сметка на Договорниот орган.

## *Прекин на Договорот*

**Известување за прекин на Договорот**

**21.** Договорниот орган може, со писмено известување за прекин на Договорот, да ги суспендира сите плаќања, ако Понудувачот не успеал да изврши било која од своите обврски во рамките на Договорот, под услов таквото известување за прекин:

(a) да ја содржи природата на недостатокот, и

(b) со него да се бара од Понудувачот да го отстрани таквиот недостаток во период кој не надминува триесет (30) дена после приемот на таквото известување за прекин.

Договорниот орган ќе го суспендира Понудувачот за случаите дефинирани во Одредбата **22**.

**Прекин од страна на Договорниот орган**

**22.** Договорниот орган може да го прекине овој Договор, со писмено известување за прекин до Понудувачот во рок од најмалку четиринаесет (14) дена, кое известување треба да биде доставено после појавата на било кој од

настаните наведени од оваа Одредба:

(a) ако Понудувачот не успее да го отстрани недостатокот во исполнувањето на неговите обврски, како што е наведено во известувањето за прекин согласно Одредба **21** погоре, во рок од триесет (30) дена од приемот на таквото известување за суспендирање, или во рок на било кој нареден период кој што Договорниот орган може дополнително да го одобри во писмена форма,

(b) ако Понудувачот (или, во случај ако Понудувачот се состои од повеќе од еден ентитет, ако било кој од Партнерите) станат неликвидни, прогласат стечај или склучат договор со своите кредитори за ослободување од долговите или ако одат во стечај или ликвидација, било принудно или доброволно,

(c) Ако Понудувачот делумно или целосно, ја изгубил својата самостојност и независнот декларирана во периодот на Понудување,

(d) Ако кај Понудувачот се случат такви промени во сопственичката структура со кои на Понудувачот му се ограничуваат правата да донесува самостојни одлуки и самостојно да преговара, договара и превзема обврски,

(e) Ако Понудувачот издаде или потпише изјава или друг документ кој има материјален ефект врз правата, обврските или интересите на Договорниот орган, а кој е неточен, или за што нема овластување,

(f) Ако Понудувачот профитира нечесно на сметка на Договорниот орган, извршувајки ги услугите кои се предмет на овој Договор,

(g) Ако Понудувачот му причини на Договорниот орган значителни материјални штети од разни причини (нестручност, несовесност, немарност законска, непознавање на договорно-техничка- документација, доцнење подолго од временскиот период наведен во **ПУД** и сл.),

(h) Ако се утврди дека Понудувачот или неговиот персонал, при реализација на овој Договор, направиле намерни грешки и пропусти, или учествувале во противзаконски активности,

(i) Ако Понудувачот не му ја надокнади на Договорниот орган направената материјална штета, која тој ја предизвикал, во полн износ,

(j) Ако Понудувачот изнесува во јавноста, или на трети лица, доверливи информации, без претходна согласност на Договорниот орган,

(k) Ако Понудувачот не ја одржува и обновува Гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот, валидна за цел договорен период и на договорената вредност,

(l) Ако постои судир на интереси, како што е дефинирано во ***ПУД*** или во овие ***ОУД***,

(m) Ако, како резултат на Виша сила, Понудувачот не е во можност да ги извршува своите обврски за период не пократок од триесет (30) дена; или

(n) Ако Понудувачот е вклучен во Незаконски Активности, кои вклучуваат:

(i) "подмитување" значи нудење, давање, примање или барање, директно или индиректно, на било што вредно за нечесно да се влијае на работата на другата страна;

(ii) "изманичка практика" е било кое дело или пропуст, вклучувајќи и лажно прикажување на факти, кои намерно или ненамерно доведуваат до измама, или обид за измама, на договорна страна да добие финансиски или други користи или да се избегне обврска;

(iii) "тајно договорање" е договор - план помеѓу две или повеќе договорни страни, воспоставен да се постигне нечесна цел, вклучувајќи и нечесно да се влијае на активностите - работата на друга договорна страна;

(iv) "пракса на присила" значи нанесување на штета или повредување, или заканување за штета или повреда, директно или индиректно, на некоја договорна страна или нејзиниот имот за нечесно да се влијае на активностите - работата на другата договорна страна;

(v) "попречување" е намерно уништување, фалсификување, измена или сокривање на доказен материјал во истрагата или давање на лажни изјави на истражните органи со цел материјално да се попречи истрага за обелоденување на подмитување, измамување, тајно договарање и принуда и/или закана, притисок или заплашување на било која страна за да ја спречи да обелодени информации по прашања во врска со истрагата или во спроведување на истрагата

(o) други прифатливи причини за кои Понудувачот ќе даде своја согласност

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
1
Скопје - Shkup

**Прекин од страна на Понудувачот**

**23.** Понудувачот може да го прекине овој Договор, со писмено известување за прекин до Договорниот орган во рок од најмалку триесет (30) дена, кое известување треба да биде доставено после појавата на било кој од следните настани:

(a) ако Договорниот орган не успее да ги исплати било кои неспорни средства што му ги должи на Понудувачот согласно овој Договор, и кои не подлежат на спор, во рок од 30 (триесет) дена после приемот на писмено известување од Понудувачот дека таквата исплата не е извршена;

Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

(b) ако Договорниот орган е во материјално неисполнување на своите обврски согласно овој Договор и истите ги нема отклонето во рок од 30

(триесет) дена (или за таков дополнителен период кој Понудувачот го одобрил во писмена форма) после приемот на писмено известување од Понудувачот во кое е специфицирано таквото неисполнување

(c) ако, како резултат на Виша сила, Договорниот орган не е во можност да го изврши материјалниот дел од своите обврски, за период не пократок од триесет (30) дена.

(d) други прифатливи причини за кои Договорниот орган ќе даде своја согласност

**Престанок на правата и обврските**

**24.** После прекинот на Договорот согласно Одредбите **22** или **23** од овие **ОУД**, или после истекот на Договорот согласно Одредбата **4**, сите права и обврски на Договорните страни ќе престанат, освен:

(i) таквите права или обврски кои настанале пред датумот на прекин или истек,

(ii) обврската за доверливост,

(iii) сите права кои Договорните страни може да ги имаат во рамките на Применливиот закон.

**Престанок на услугите**

- Од км 0+150 до км 0+800 Пат за Блаце (стационажата е земена од патот за Блаце),

- Проектна програма,
- Урбанистички и просторни планови на регионот,
- Ажурирани геодетски подлоги – ситуации,
- Постојната техничка документација за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце.
- Постојни топографски подлоги и планови (1:10000, 1:5000 и 1:2500),
- Намена на површините и користење на земјиштето,
- Климатски и хидролошки параметри за подрачјето на проектот,
- Водостопанска основа на Република Северна Македонија,
- Карти со локации за културно - историско наследство и природно - заштитни локалитети,
- Сообраќајна и техничка инфраструктура (постојна и планирана, подземна и надземна),
- Подземна и надземна инфраструктура,
- Рекогносцирање на теренот и утврдување на просторни ограничувања и односот кон животната средина, социјалните аспекти, археологијата и другите просторни ограничувања,
- Важечка законска и техничка регулатива и
- Потребни согласности од сите релевантни чинители.

## 4. ПРОЕКТНИ УСЛОВИ

Основните проектни услови да бидат во согласност со просторните услови, функцијата и рангот на патот.
При планирањето да се почитуваат просторните ограничувања од постојните изградени објекти и важечката планска документација за овој простор.
Проектот за инфраструктура треба да содржи проектно решение за постојната подземна и надземна инфраструктура каде поминува Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце. Планираната подземна и надземна инфраструктура да биде согласно Членот 45 од **Законот за просторно и урбанистичко планирање** („Сл. весник на РСМ" 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), **Законот за градење** („Сл. весник на РСМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 ,39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20).

Планираните решенија да се превземат и усогласат со постојнаста состојба и да се постапи според **Законот за просторно и урбанистичко планирање** („Сл. весник на РСМ" 199/14 , 44/15,193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), **Законот за градење** („Сл. весник на РСМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18, 244/19, 18/20), **Уредба** за воспоставување и начин на користење на информациски систем за изработување и спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација по електронски пат (**„Сл. весник на РСМ" бр. 68/15**) и Правилник за начинот и условите за одредување на зоната на електронска комуникациска инфраструктура и придружните инфраструктурни капацитети и средства, заштитната зона и радио коридорот како и обврските на инвеститорот („Сл. весник на РСМ" бр. 72/11).

## 5. ПРОЕКТИРАЊЕ

Измена и дополна на Проектот за Инфраструктура треба да биде изработен во согласност со одредбите и параметрите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце.
Проектот се изработува на **ажурирана геодетска подлога која** треба да биде изработена спрема член 52 од **Законот за просторно и урбанистичко планирање** („Сл. весник на РСМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), **Уредба за воспоставување и начин на користење** на информациски систем за изработување и спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација по електронски пат („Сл. весник на РСМ" бр. 68/15, **Правилникот за катастарски планови и планови на инфраструктур-ни објекти** („Сл. весник на РСМ" бр. 139/13) како и **Правилник за начинот на спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, регулациски планови, урбанистички планови, регулациски планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации во електронска форма** („Сл. весник на РСМ" бр.111/15).
Сите постојни надземни и подземни градби во рамките на проектниот опфат да се евидентираат на ажурираната геодетска подлога во документационата основа на проектот.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање Проектот за инфраструктура содржи **Елаборат за заштита на животната средина** одобрен од надлежен орган кој треба да биде изработен согласно: Законот за животна средина (Службен Весник на Р.С.М бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Службен Весник на Р.С.М бр. 80/09) и **Правилникот за формата и содржината** на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати (Службен Весник на Р.С.М бр. 44/13 и 111/14).
За наведената делница (подделница 1) изработен е Елаборат за заштита на животната средина, одобрен од надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање. Потребно е да се достават до надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање направените измени и дополна на инфраструктурниот проект, за истото да се произнесе дали ќе важи постоечкиот Елаборат (особено за косините) или ќе даде насока да се изработат Елаборат/и (особено за одлагалиштата).
Проектантот е должен да постапи по мислењето од Министерство за животна средина и просторно планирање.
Содржината на урбанистичката документација треба да биде изработена согласно законската и подзаконската регулатива и доколку дојде до промена во тек на проектирањето истата да се примени.
При изработката на Проектите за инфраструктура, задолжително треба да се прибават потребните податоци и информации од засегнати јавни претпријатија, органи на државната управа за нивна подземна инсталација. При промена на законската регулатива проектантот е должен истите да ги вгради во проектот.
Проектот се работи спрема електронска форма аплицирана преку **https://www.e-urbanizam.mk**.

## 6. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА

Содржината на измената и дополната на Проектот за инфраструктура треба да биде согласно законската и подзаконската регулатива (Законот за просторно и урбанистичко планирање "Службен весник на Р.С.М". бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и треба да ги има следниве прилози:

- **ОПШТ ДЕЛ**
- Извод од регистрација на фирмата-ДРД образец
- Лиценца "А" за проектирање на градби од прва категорија на фирмата
- Лиценца за изработка на урбанистички планови
- Решение за проектанти
- Овластување на планер и проектанти
- Проектна програма

- **ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
- **Текстуален дел**
- Вовед
- Методологија
- Површина и опис на границите на плански опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
- Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на плански опфат и неговата околина
- Податоци за создадени вредности и природни чинители
- Инвентаризација на земјиштето во плански опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и зеленило и сл.
- Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предели.
- Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
- Мислења и податоци од надлежни институции и јавни претпријатија
- **Графички дел**
- планска документација
- Ажурирана геодетска подлога
- Инвентаризација на земјиште, градежен фонд и комунална инфраструктура

- **УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
- **Текстуален дел**
- Проектна програма
- Вид на проект, назив на подрачје на проектниот опфат
- Опис и образложение на проектниот концепт за просторен развој и сл.
- Општи услови за изградба, развој и користење на земјиште и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат
- Посебни услови за изградба, развој и користење на градежно земјиште и градби
- Мерки за заштита
- **Нумерички дел**
- **Графички дел**
- Синтезен приказ
- Карактеристични пресеци

## 7. ИЗГОТВУВАЊЕ НА АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ

Ажурираните геодетски подлоги се катастарски планови кои се во примена во соодветен размер, со приказ на постојната состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за инсталациите (подземни, надземни, воздушни), со вертикална претстава на теренот. Нивната примена во проектирањето е регулирана со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 51/05, вклучувајќи ги и сите измени) и со Правилникот за поблиска содржина размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија бр. 78/06).

Ажурираните геодетски подлоги се неопходен предуслов за изработка на квалитетни проекти за автопатишта, магистрални и регионални патни правци.

Елаборатот за ажурираните геодетски подлоги треба да содржи:

- Технички извештај;
- Скица на премерување (во актуелниот размер);
- Список на координати на дадени, помошни и детални точки;
- Список на податоци од геодетското мерење;
- Копија на катастарски план со граница на опфат и
- ЦД со податоци во векторски формат.

## 9. ОФОРМУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Проектната документација во финална верзија да се оформи во А4 формат. До Инвеститорот се предава во **6 примероци** во тврда копија на македонски јазик за Измена и дополна на Инфраструктурниот проект (или Проекти за Инфрастуктура доколку се прават посебно за косините и за одлагалиштата). Истата документација се предава и во **2 примероци во електронска форма на ЦД која може понатаму да се обработува**. Проектната документација треба да ги содржи сите прилози, елаборати и проекти.

Проектантот потребно е да достави и електронска верзија (PDW и DWG), електронски потпишана согласно Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин во 2 примероци - ЦД.

## I. ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОДЛАГАЛИШТА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ВИШОК ИСКОПАН МАТЕРИЈАЛ ЗА АВТОПАТ А4, ДЕЛНИЦА ГП "БЛАЦЕ" – СКОПЈЕ (КЛУЧКА "СТЕНКОВЕЦ"), ПОДДЕЛНИЦА 1 – ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕН ПАТ А4 ОД ГП "БЛАЦЕ" ДО С. БЛАЦЕ ДО НИВО НА АВТОПАТ И ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД АВТОПАТ СО КЛУЧКА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ СО ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С. БЛАЦЕ

### 1. ВОВЕД

Согласно на потребите за прилагодување на определени проектни решенија со условите за изведба на автопатското решение, Јавното претпријатие за државни патишта, презеде активности за допроектирање на одлагалишта за вишок на материјал од ископите.
Предмет на проектната програма е да се прикажат потребните чекори за припрема на прилагодена проекта документација за изградба на одлагалиште/та.
Начелно, како предмет на доразработка треба да бидат локации која е во близина на проектираниот автопат поволна за отстранување на вишокот на земјениот материјал.
Проектно-техничката документација треба да се изработи согласно со Законот за градење („Сл.Весник на РМ", од 15.11.2012, вклучувајќи ги и сите измени и дополнувања досега).

### 2. ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ПРОЕКТИТЕ

Проектните услови за изработка на предметната техничка документација главно произлегуваат од постојната состојба и меѓусебниот однос со просторот и содржините на трасата на автопатското решение на предметните локации за одлагалиште. При тоа посебно да се почитува:

- постојната состојба со изградените објекти во актуелниот простор,
- максимално прилагодување на изборот на конструктивните елементи во план и профил кон просторните можности и ограничувања на теренот,
- спојот со површинските крстосници
- спојот со останатите патишта од понизок ранг
- изградени објекти во населени места
- електична и друга инсталација во близина на патот

Поврзувањето на работните патишта со останатите патишта од исти ранг или со понизок ранг, да биде со површинско вкрстување и означено со соодветна сигнализација.
Се останато во поглед на проектните елементи, да биде во согласност со важечките прописи и стандарди за проектирање.

### 3. ПОДЛОГИ

Како основа за проектирање и како методолошки основи за изработка на Проектот да се користат сите подлоги од коишто се добиваат потребните информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребните влезни сообраќајни параметри за пристап до локациите, геотехнички услови дефинирани во Основниот проект, снабдување со материјали, постојна актуелна

планска и техничка документација, законска и техничка регултива и др. Како подлоги да се користат наведените, но да не се ограничи само на нив:

- Проектна програма,
- Урбанистички и просторни планови на регионот,
- Потребни согласности
- Постојна техничка документација за автопатот
- Постојни геодетски планови – ситуации (ажурирани) (1:2500 или 1:2.000)
- По потреба дополнително геодетско снимање во реалниот простор со снимање на теренски надолжни и напречни профили со потребни податоци
- Резултати од постоечки геотехнички истражувања од фаза на припрема на Основен проект за автопатот, каде покрај другото има и одреден фонд на истражувања кои може да се искористат за одлагалиштата, како и новоизведени контролни испитувања.
- Сообраќајна и техничка инфраструктура (постојна и планирана, подземна и надземна)
- Рекогносцирање на теренот и утврдување на просторните ограничувања
- Намена на површините и користење на земјиштето,
- Климатски и хидролошки параметри,
- Зони и услови за заштита и заштитени подрачја
- Водостопанска основа на РМ
- Синтезна подлога на ограничувања
- Важечка законска и техничка регулатива (закони, прописи, правилници, упатства и стандарди и сл.)
- Консултации со Инвеститорот, Консултантот и Надлежните институции.

Треба да се изврши и усогласување со урбанистичките планови кои го покриват регионот, да се води сметка за изграденоста на нови објекти по должината на патот или во близина на локациите на одлагалиштата, конкретните топографски карактеристики и да се почитуваат сите ограничувања кои произлегуваат од синтезната карта на ограничувања.

## 4. ПРОЕКТИРАЊЕ

Треба во посочениот регион да се прикаже положбата на одлагалиштето/та и нивните односи со трасата. Утврдување на можните решенија да се изврши врз основа на постојни или нови синтезни карта на ограничувања, теренско рекогносцирање, по потреба дополнителни геодетски снимања кои може да се вршат паралелно и во фаза на изградба, нормалните напречни профили и други елементи.

Со оглед на потребниот обем на работи при изградба на патот ќе се појави потреба од избор на локации за одлагалишта, ќе биде неопходно да по должината на патот или во негова близина се организира планско уредување на избраните простори за одлагалишта. Локациите за одлагалишта треба да се бираат пред се да ги задоволат следните критериуми:

- минимум траспортно растојание
- минимум на негативни ефекти врз животната средина
- обезбедување на стабилност на објектите (косините) и на подлогата

Врз основа на економичност и геотехничка подобност на локалитетите, како и согледување на обемот на работите се пристапува кон изработка проект за уредување на одлагалиште, технологијата на работа, набивање, заштита на

косините од ерозија, како и вкупниот обем на финансиските средства потребни за успешна реализација на наведениот проект.
Проектната документација покрај формалните страни пропишани со соодветните законски акти кај нас, треба да содржи и
Дефинирани типични **нормалните напречни профили** со конструктивните детаљи да бидат во согласност со условите на теренот.
Ситуационото решение е предодредено со местоположбата на постојниот патен правец.

При утврдување на ситуационото решение потребно е да се усвои соодветен однос на одлагалиштата со трасата на патот, и да се посвети внимание на работните пристапни патишта, водејќи сметка за најдобро можно поврзување со зоната на ископ од автопатот, вознодинамичките, геометриско конструктивните градежни, економски и др. услови за изведба како на одлагалиште, така и на пристапните патишта.
Во рамките на овие активности да се направи проверка на интерното усогласување на проектните параметри во ситуационен план, надолжни и попрешни профили, како и проверка на просторното усогласување на патните проекции со одлагалиштето.
Нивелационото решение исто така треба да се прилагоди на врските со постојните пристапи, при што кај пристапните патишта треба да се обезбеди потребната вертикална прегледност и континуитет на нивелетата, користење на постојните објекти, условите за одводнување како и заштита и стабилност на трупот на патот како и на одлагалиштето.
Графичката презентација се работи во основна размера 1:2.500 (1:1.000), а надолжниот профил во основна размера 1:2.500/250 (1.1000/100).

**Карактеристични и детални напречни профили**
За проверка на просторните односи и примена на соодветни конструктивни решенија да се проектираат соодветни карактеристични и детални напречни профили во размера 1:1000 до 1:500.
На основа на дефинираниот ситуационен и нивелационен план треба да се направи оптимизација на земјените работи (распоред, транспорт, технологија на градење). При изработка на израмнување на земјените маси треба да се земе предвид квалитетот и употребливоста на ископаниот материјал од усеците или тунелот, како и соодветните машини за танспорт и вградување. Покрај графички прилози (профил на масите со оптимизација на транспортот и сл.) треба да се приложи и нумеричка пресметка во табеларна форма.

**- Анализа на одводнувањето кај одлагалиште**
За ефикасно и рационално одводнување на површинските и евентуално прибрежните води, за одлагалиштето/та да се изврши анализа и концепт на одводнувањето. Резултатите од пресметката се прикажуваат во нумеричка и графичка форма посебно да се води сметка за одводнување на водата до реципиент. Врз основа на меродавните хидролошки параметри и меродавниот интензитет на врнежи потребно е да се изврши димензионирање на сите елементи на системот за одводнување. Во рамките на оваа активност треба да се изврши димензионирање и проверка на површинските канали и цевната канализација, пропусти, пропустна моќ и др. За потребите на анализите да се дадат соодветни климатско – метеоролошки карактеристики, хидролошки

анализи на големите води, хидраулички анализи, предмер и пресметка, графички прилози и др.

**- Инженерски конструкции**

Во рамките на оваа активност треба да се проанализираат и ако се покаже потреба од анализите детално да се проектираат и прикажат одредени инженерски конструкции и објекти како потпорни и заштитни ѕидови, пропусти, осигурување на трупот на одлагалиштето, пристапните патишта или други објекти.

Во оваа фаза на изработка може да се користат геотехничките податоци од претходните истражувања, и по потреба новоизведена инженерскогеолошката проспекција. Проектот треба да содржи: Идејни решенија со, технички извештај, техничи опис на работите, предмер со пресметка, за одбраното решение за понатамошна разработка во фаза на Основен проект. Во состав на проектот треба да бидат дадени податоци за статичко и квазистатичко пресметување и димензионирање на косините на одлагалиштето.
При избор на најприфатливо решение, треба да се вршат анализи на овие објекти, со повеќе видови на материјали и тоа:

- Хумузирање и затревување на косините кај насипите на одлагалиштето,
- Хортикултурно уредување
- Геосинтетски системи за заштита од ерозија
- Флексибилни конструкции од тип на габиони
- Проектирање на берми
- Евентуални нивни комбинации и сл.

За изработка на одлагалиште треба да се приготви технички извештај со кратко образложение на варијантните решенија, а особено нагласка на усвоеното решение, разработено на ниво на основен проект, спроведените геостатички, конструктивни и други пресметки и анализи, применетиот софтвер, усвоените елементи, материјали, техничката и економската оправданост на решението и сл.

- Технички опис на работите со опишување на сите позиции со услови и начини за нивна изведба, потребни испитувања и атести, контроли, заштита, набљудување;
- Предмер и пресметка на работите;
- Геотехнички, конструктивни и други пресметки и анализи со посебен третман на задоволување како на општата, така и на парцијалната стабилност на теренот и одлагалиштето.
- Графички прилози во соодветна размера, број и вид за ниво на основен проект, од кои ќе се добијат доволно податоци како за потврдување на конструктивните елементи на проектот така и за изработка на предмерот на работите.
- Технички извештај и евентуални засебни технички услови за изведување (ако тоа го бараат предложените решенија и материјали во нив);
- Графички прилози за ниво на изведбен проект со соодветна размера вообичаена за ваков вид на објекти за недвосмислена и јасна изведба на проектот.

На основа на дефинираната проектна геометрија и проверката на просторното усогласување на применетите елементи во ситуационен план и надолжен профил се пристапува кон нумеричко дефинирање на елементарните (главни) и детални точки во државен координатен систем преку нивните тековни координати (Yi, Xi, Hi). Овие резултати се користат како основа за изработка на Проект за геодетско обележување на трасата на патот со цел на поставување на аналитичка врска меѓу проектираната траса и геодетската основа (оперативниот полигон) во патниот појас.

## 5. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ

1. Податоци за проектантската организација и проектантите
2.Проектна програма
3.Текстуална документација:
    -технички извештај:
        -општи податоци за проектот
        -програмски параметри
        -анализа на постојната состојба
        -функционални и технички карактеристики на применетите решенија
        -вреднување и избор на оптималната варијата
        -карактеристични проектни решенија (косини, одводнување, објекти и сл.)
        - согласности
        -инженерско геолошки податоци врз основа на инженерско геолошка проспекција и анализа на постојни податоци во прва фаза
        -нумерички податоци
        -заклучок
4. Предмер со пресметка на работите
5. Потребни согласности од надлежни институции
6 Графичка документација:
   6.1.Насловен лист на проектот
   6.2.Прегледна карта на патната мрежа во регионот во размера Р= 1:25 000 и приказ на локации на одлагалишта
   6.3. Нормални напречни профили со конструктивни детаљи
   6.4.Ситуационен план
   6.5.Карактеристични напречни профили на поедини места за добивање на предмерските количини
   6.6. Диспозиција и карактеристики на инженерските објекти (потпорни зидови, осигурување трупот на пристапни патишта, пресеци или близина со електро водови и друга инфраструктура и сл.)
   6.7.Изводи од анализа на стабилност и носивост на косините кај одлагалиштата
   6.8. Други документи (Елаборати, Извештаи и/или Студии) кои треба да бидат изготвени согласно на евентуални барања од одобрениот Елаборат за заштита на животната средина и сл. Во овој дел треба да се следат и барањата на Нарачателот.

## 6. ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛНИ И ТЕКОВНИ ГЕОТЕХНИЧКИ ИСТРАЖНИ РАБОТИ

Во самата фаза на проектирање, се вршат одреден број на контролни и тековни геотехнички истражувања и испитувања. Избраниот проектант на Основниот проект е должен, во рамките на Основниот проект, да состави и подетална Програма која ќе се применува во фаза на припремни и подготвителни работи кај одлагалиштата во изведбената фаза. За таа намена, да предвиди и позиција во предмерот.
Основна цел на првичните предложени истражувања и испитувања е да се додефинираат (прецизираат) потребните услови на подлогата и условите за збивање на материјалите кај одлагалиштето/та.

Се вршат следните основни фази:

- **Запознавање и анализа на расположивата техничка, фондовска и друга документација**

Се прибираат сите расположиви геолошки, геотехнички, хидролошки, климатско-метеоролошки сеизмолошки и други податоци.

- **Геолошки елементи на геодетските подлоги**

На геодетските подлоги, покрај вообичаените прикази (изохипси, коти, патишта, извори, потоци, објекти и друго) треба да се нанесат:

-Контурата (границите) на потенцијално нестабилни терени (ако постојат);
-Влажни зони;
-Локациите на истражните работи (стари, ново предложени и слично);
-Позначајни видливи геолошки граници, инженерскогеолошки зони и друго.

- **Инженерскогеолошка проспекција и детално инженерскогеолошко картирање**

Се прави на расположивите геодетски подлоги со цел да се иницираат зони за одлагалишта, кои во фаза на Основен проект би се третирале подетално. Значи, во прва фаза се прави проспекција, а после избор на локациите се прави детално инженерскогеолошко картирање. Се регистрираат и внесуваат сите елементи (геолошко-тектонски, литолошки, структурни, состојба на карпестите маси по повеќе параметри, како распаднатоста, оводнетоста, сите геолошки процеси и појави), а по вообичаената методологија за вакво работење. Поголемите и позначајните појави (хидролошките и хидрогеолошки појави, зони на слабо-носиви почви или потенцијално-нестабилни зони) се внесуваат подетално.

- **Изведба на истражни бунари, раскопи, шлицеви**

Истражните работи од видот на бунари, шлицеви или раскопи се предвидуваат на локаците одлагалиштата за градежните материјали. Се предвидува изведба на 20 вакви истражни работи во оваа фаза, по правило лоцирани на зони со подебел делувијален покривач, а кај видлива карпеста маса се врши само детално картирање на изданоците. За нивната локација се решава на лице место, после дефинирање на можните зони за одлагање.

- **Картирање на истражните работи и земање на проби за лабораториски третман**

Паралелно со изведба на истражните работи (раскопи, бунари, шлицеви, дупнатини) тие обрзно се фотографираат и картираат со посебно внимание за дефинирање на сите геолошки промени, појава на подземна вода, влажни зони, евентуални слабо-носиви почви, нестабилни терени и друго. Земањето на пореметени и непореметени примероци ќе се врши систематски пред затварање на ископите за сите типични материјали, посебно кај карактеристични промени на материјалот со цел се дефинираат параметрите на јакоста на смолкнување и деформабилноста. Во случај да не е можно земање на непореметени проби, ќе се изврши определување на збиеноста и влажноста на лице место, а во лабораториски услови вештачки ќе се симулираат природните услови. Како алтернатива на цилиндрите, ќе се дозволи земање на парафинирани јадра кои пак внимателно се пакуваат и носат во лабораторија. После завршување на опробувањето и фотографирањето, сите истражни ископи обрзно се затрупуваат.

**- ИСПИТУВАЊА НА ПРИМЕРОЦИ**

Се предвидува вршење на оптимален број на следните испитувања:

А) КАМЕНИТИ КАРПИ

- **Испитување на јакоста на карпести примероци**

Од земени примероци за определување на јакостните карактеристики, нивна употреба за класификациони намени и дефинирање на погодноста на материјалот за агрегат за подлога за одлагалиште ако е подлогата од цврсти карпи да се предвидат испитувања индексот на јакост со точкасто оптеретување (одредување на индекс на јакост - **Is**) и јакоста на притисок (**σp**).

Паралелно со овие испитувања, обрзно се определува и волуменската тежина на карпите (γ) мерена од тежината и димензиите на пробните тела, впивање на влага (**U**) и други класификациони параметри за карпите. Во фазата на изведба, по потреба ќе се применат и други испитувања кои по потреба ќе бидат дефинирани со посебна Програма. Во овој момент, се предвидуваат 100 испитувања на индекс на јакост, 10 на јакост на притисок, 20 на волуменска тежина.

**Б) ПОЧВЕНИ МАТЕРИЈАЛИ**

За почвените материјали се предвидуваат следните лабораториски испитувања:

**-Класификациони испитувања:**

-гранулометриски состав,
-специфична тежина (Gs),
-граници на конзистенција (wl, wp, Ip),
-природна влажност (w),
-волуменска тежина во природна состојба (γ).

Природната влажност и волуменската тежина во природна состојба треба да се определуваат веднаш по земањето на пробите или ако тоа не е можно во теренски услови истите да се измерат, парафинираат, обележат и транспортираат до геомеханичка лабораторија. Треба да се обезбеди што поголем број на податоци за природната влажност и збиеност.

- **Параметри на јакост**

Параметрите на јакост се определуваат со опити на директно смолкнување од консолидирано дрениран тип и со опити на триаксијална компресија од консолидирано недрениран тип со ќелиски притисоци од 100, 200 и 400 кPa. Се предвидуваат 10 вакви испитувања во оваа фаза.

- **Стисливи карактеристики**

Стисливите карактеристики на почвени матерјали се определуваат со помош на едометриски опит над непореметени цилиндрични почвени примероци со дијаметар од 70 и 100 мм со следните степени на оптеретување - растоварување: 50, 100, 200, 100, 50, 100, 200, 400 кPa. Се предвидуваат 10 вакви испитувања во оваа фаза.

- **Определување на услови за збивање на материјалите**

Се вршат со т.н. стандардна или модифицирана Прокторова постапка, со цел да се одредат оптималната содржина на водата и максималната сува волуменска тежина на материјалите кои би се вградувале во насипи. Се вршат врз материјали добиени од можните позајмици. Овие испитувања се вршат и врз вештачки издробен материјал од евентуален вишокот на ископ. со цел да се утврди неговата погодност како материјал за насип, постелица или долна носива подлога. Ако се појави потреба од поврзување на патот до одлагалиштата со асфалт, за соодветно димензионирање на коловозната конструкција се вршат и оптимален број на соодветни испитувања на калифорнискиот индекс на носивост (**CBR**). Се предвидуваат 10 вакви испитувања по Прокторова постапка, и 5 на CBR во оваа фаза.

**- ПОДГОТОВКА НА ФАКТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ОД ГЕОТЕХНИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА И ИСПИТУВАЊА**

Сите резултати се прикауваат во Фактички Извештај од геотехничките истражувања, а во него се прикажуваат резултатите од сите достапни инженерскогеолошки и геотехнички истражувања од сите фази. Податоците од него се кориостат за димензионирање на одлагалиштата и анмализа на стабилноста и носивоста (види подточка 6.7 од точка 5).

## 7. ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Геодетските работи во рамките на проектот се состојат од низа стручни активности кои имаат за цел обезбедување на максимален квалитет на подлогите за проектирање и висока точност при пренесувањето на проек-тираната состојба на терен - во текот на реализацијата на проектот. За таа цел, за потребите на проектот треба да се предвидат и реализираат след-ните геодетски активности:

- Набавка на дигитални топографски карти;
- Изготвување на ажурирани геодетски подлоги;
- Изработка на Елаборат за експропријација.

Дигиталните топографски карти претставуваат современи продукти на геодетската картографија кои имаат широка примена во геодетско-картограф-ската дејност, како и во сите сфери на инженерското планирање и про-ектирање. Во тој контекст, овие дигитални продукти имаат особена примена при изработката на проекти за сообраќајниците и останатите инфрастру-ктурни објекти, каде се користат за:

- Глобално согледување на теренската состојба и констелацијата со оста-натите природни и изградени објекти;
- 3Д моделирање на теренот;
- Изработка на профили, карти на видливост и други продукти на дигиталната картографија;
- Претставуваат основа за изработка на геоинформациски системи за инфраструктурните објекти и др.

Почнувајќи од 2003 г., Државниот завод за геодетски работи (сегашна Аген-ција за катастар на недвижности), започна со проектот "Државна дигитална топографска карта за ГИС", кој има за цел изработка на дигитални топо-графски карти во размер 1:25000, за целата територија на Република Маке-донија. Овие карти претставуваат солидна и ажурна основа која може да се користи при проектирањето на сообраќајниците.

**- АЖУРИРАНИ ГЕОДЕТСКИ ПОДЛОГИ**Ажурираните геодетски подлоги се катастарски планови кои се во примена во соодветен размер, со приказ на постојната состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за инсталациите (подземни, надземни, воздушни), со вертикална претстава на теренот. Нивната приме-на во проектирањето е регулирана со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 51/05) и со Пра-вилникот за поблиска содржина размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија бр. 78/06) и се изработува во фаза на Проект на инфраструктура

**- ЕЛАБОРАТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА**

Елаборатот за експропријација на недвижниот имот исто така претставува составен дел од геодетската техничка документација која се изработува во рамките на проектот.

Со елаборатот за експропријација потребо е да се опфати парцелите кои ќе бидат во согласност со Проект за измена и дополна на проектот за инфраструктура за патен правец А1: Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с.Блаце за косини и одлагалишта од км 0+500,00 до км 2+000,00 и да бидат опфатени и одлагалиштата кои ќе произлезат од оваа проектна програма.

Елаборатот за експропријација се изработува во согласност со одредбите од Правилникот за посебни геодетски работи и Правилникот за премер (Службен весник на Република Македонија бр. 118/08).

Во Елаборатот за експропријација се востановува основата за решавање на имотно-правните односи при експропријацијата на земјиштето потребно за лоцирање на трасата на патот. Елаборатот треба да содржи:

- Технички извештај;
- Прегледна карта на трасата во размер 1:25000;
- Прегледна скица на оперативниот полигон;
- Список на координати за точките од геодетската основа;
- Скица од извршеното споредување (геодетска ситуација на парцелите кои се предмет на експропријација)
- Список на индикации за катастарските парцели - стара/нова состојба;
- Предлог на нова состојба (доколку во катастарската општина е на сила катастар на недвижности);
- Координати на точките од експропријационата линија;
- Геодетска ситуација на експропријационата линија во размер 1 : 2500;
- Податоци за обележување на експропријационата линија;
- Список на индикации за катастарските парцели
- ЦД со податоци во векторски формат.

## 8. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Со оглед дека за предметната автопатска делница А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец"), подделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце, веќе има изработено и одобрено Елаборат за заштита на животната средина, за потребите на оваа Проектна програма, до надлежниот орган (МЖСПП) потребно е да се достави барање со потребна пропратна техничка документација за проширување на косините за важност на Елаборатот и Решението за одобрување, при што, Мислењето ќе се приложи кон целокупната потребна документација на ниво на Проект за инфраструктура и на Основен проект.

Со оглед на обемот на ширење на косините од аспект на заштита на животна средина и општествените аспекти, очекуваме дека надлежниот орган ќе издаде мислење за важност на Решението и Елаборатот. Сепак, економскиот оператор е должен да постапи согласно издаденото Мислење од Министерството за животна средина и

просторно планирање (МЖСПП). Постапувањето по мислењето е предмет на оваа Проектна програма.
За делот на изработка на Проектот за инфраструктура за одлагалишта (нов простор што се зафаќа), економскиот оператор треба да ги има предвид и сите издадени решенија и елаборати за заштита на животна средина по должината на делницата, но за вишокот на ископан земјен материјал на новите одлагалишта треба да се постапи согласно Законот за заштита на животна средина.
Елаборатот за заштита на животната средина треба да биде изработен според одредбите од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 и 123/2012, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и сите други измени и дополнувања досега), особено според одредбите од Членот 24 - Елаборат за заштита на животната средина.
Пред да се отпочне со изработка на Елаборатот за животна средина, економскиот оператор треба да подготви Известување за намера за спроведување на проектот (согласно член 80 од Законот за животна средина) и да го достави до Инвеститорот кој потоа ќе го проследи до Управата за животна средина при МЖСПП, која е одговорен орган за спроведување на постапката на ОВЖС.
Економскиот оператор е должен да постапи согласно одговорот даден од УЖС/МЖСПП. Елаборатот (по форма и содржина) треба да биде изработен согласно барањата од Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на РМ" бр. 44/2013 и 111/14).

## 9. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ЕЛАБОРАТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во овој дел од техничката документација е потребно да се разработат на ниво на Основен проект техничките мерки, односно објектите за заштита на животната средина кои се предвидени со Елаборатот за заштита на животната средина, како и дополнително утврдени мерки за заштита на животната средина со Основниот проект.
Овој проект ја опфаќа техничката документација со која се дефинираат објектите за заштита на животната средина и тоа:
заштита на водата од загадување, за заштита на почвата и земјиштето, за заштита од ерозија, за заштита од ветер и снежни наноси, специфичните објекти за заштита на флората и фауната, ревитализацијата и уредувањето на одлагалиштата за материјали. Техничките мерки кои се предвидени за заштита на животната средина во фазата на изведба и експлоатација на патот може да се групираат по поодделните медиуми на животната средина и тоа:

- објекти за заштита на воздухот (бучава, вибрации, аерозагадување)
- објекти за заштита од ветер и снежни наноси
- објекти за заштита на почвата од загадување, објекти за заштита од ерозија и ревитализација на одлагалишта,
- објекти за заштита на водите (површински и подземни, објекти за пречистување)
- објекти за заштита на флората и фауната
- објекти за заштита на природата и културно историски споменици
- објекти поврзани со социолошки елементи и населението и

Основниот проект е потребно да се изработи во согласност со Законот за градење (51/05), Закон за изменување и дополнување на законот за градење (82/08), како и други важечки закони и подзаконски акти, технички стандарди и др.

## 10. ОФОРМУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Проектната документација во финална верзија да се оформи во А4 формат. До Инвеститорот се предава Основниот проект и пропратните елаборати во **6 примероци** во тврда копија на македонски јазик и на англиски јазик. Истата документација се предава и во **2 примероци во електронска форма на ЦД која може понатаму да се обработува**. Проектната документација треба да ги содржи сите прилози, елаборати и проекти.
Проектантот потребно е да достави и електронска верзија (PDW и DWG), електронски потпишана согласно Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин во 2 примероци - ЦД.

Составиле:

Проф. д-р Владимир Арсовски

Проф. д-р Милорад Јовановски, дипл. геол.инж

Проф. д-р Спасен Горгевски, дипл.град.инж

Проф. д-р Јосиф Јосифовски

Игор Митренцев, дипл. град. инж.

Диме Стојаноски, дипл. град. инж.

Александра Ѓошева, дипл. град. инж.

Даринка Митева, дипл.инж. за заштита на животна средина

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**
**Помошник директор за инвестиции**

**Arsim Qeku**

ProCredit Bank

**БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

**ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ број 75130781**

**До: Јавно Претпријатие за државни патишта**

ул. Даме Груев бр.14

1000 Скопје

Со оглед дека,

**Градежен институт Македонија АД Скопје** со седиште на Ул.Дрезденска бр.52 Скопје во СКОПЈЕ, со матичен бр. 4067533, во понатамошниот текст "Носител на набавка", со Вас има склучено "Договор" бр. 08-2571/17 од 23.05.2023 год. за:

**Докомплетирање на проектна документација за потребите за изградба на Автопат А4, делница ГП "Блаце" – Скопје (клучка "Стенковец") поделница 1 – проширување на постоен пат А4 од ГП "Блаце" до с. Блаце до ниво на Автопат и изградба на дел од Автопат со клучка за поврзување со локален пат до с. Блаце**

(во понатамошниот текст "**Договор**")

И со оглед дека според наведениот Договор, Носителот на набавката треба да Ви достави безусловна банкарска Гаранција од призната Банка на износ утврден во истиот, како гаранција за исполнување на неговите обврски во согласност со Договорот.

Ние **ПроКредит Банка А.Д. Скопје**, ул. "Манапо" бр.: 7, 1000 Скопје сме согласни да му издадеме на Носителот на набавката таква Гаранција;

Со ова потврдуваме дека сме согласни да бидеме Гарант и пред Вас одговорни во име на Понудувачот, до вкупна сума од:

**435.420,00 МКД**

**(Четиристотини триесет пет илјади четиристотини дваесет денари)**

која сума ќе биде платлива во денари. Се обврзуваме, на Ваше прво писмено барање, неотповикливо и без приговор да Ви исплатиме износ или износи најмногу до лимитот од

**435.420,00 МКД**

**(Четиристотини триесет пет илјади четиристотини дваесет денари)**

како што е речено, при што нема да биде потребно да ги докажувате или изнесувате основите и причините за вашето барање за претходно наведениот износ.

Со ова се откажуваме од потребата споменатиот долг, пред да го побарате од нас, најпрво да го побарате од Носителот на набавката.

Понатаму, согласни сме дека ниту една измена или дополнување или други промени во одредбите на Договорот нема да не ослободат од било каква обврска според оваа Гаранција, при што се откажуваме од правото да бидеме известени за таквата измена, дополнување или промена.

ПроКредит Банка АД - Ско

Се обврзуваме, на Ваше прво писмено барање, неотповикливо и без приговор во рок од пет работни дена да Ви ви ја исплатиме горенаведената сума.

Оваа Гаранција останува валидна 28 дена по денот по истекот на иницијалниот договорен период односно до **01.04.2024** година.

**Потпис и печат на Гарантот:**

**Назив на Банката:** ПроКредит Банка А.Д. Скопје

**Адреса:** ул. "Манапо" бр.: 7, 1000 Скопје

**Датум:** 31.05.2023



Phone:+389 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing board:
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board
Milan Damcevski, Member of Managing Board